Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, бул.Илинден бр.2, 1000 Скопје, до 14.9.2018 година. Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

ЗДРУЖЕНИЕ КОНЕКТ
Бр. 03-149/1
14.09 2018 год
СКОПЈЕ

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фонацијата: Здружение Конект Скопје
Проект „Промени за одржливост" финансиран од Европската Унија

Во рамки на проектот функционира Мрежа за финансиска одржливост на граѓански организации составена од **80 граѓански организации** што застапуваа за измени во регулативата во области поврзани со овој поднесок. Мрежата е платформа што овозможува понатамошни пошироки консултации, консолидација и можност за дијалог со институциите.

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6366996

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Владимир Полежиновски" бр. 19-1/6,
1000 Скопје, Општина Центар

Застапник: Никица Кусиникова, Извршна директорка
nikicak@konekt.org.mk 070 20 66 33

Веб страница: www.konket.org.mk

Електронска пошта (e-mail): konekt@konekt.org.mk

Телефонски број за контакт: 02/ 3224 198 и наведените контакт податоци на одговорните лица

Лице за контакт: Виктор Мирчевски, Програмски раководител / Координатор на проектот
viktorm@konekt.org.mk 071 20 66 33 333

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Македонија**
**за 2019 година**

**Наслов на иницијативата:** Промени за одржливост:
Предлог – измени на закони кои се релевантни за финансиската одржливост на граѓанските организации

Република Македонија ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Примено: | Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност
43-8701/1

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Македонија)

- Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Македонија)

- Висок приоритет- Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард
- Висок приоритет- Членство во ЕУ
- Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (во процес на носење)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

- Измената на два закони од оваа иницијатива се предвидени во Програма на Влада за 2018 година, за месец декември . Обата закони се дел од НППА- Поглавје 16, подрачје Даноци.
- Предложените измени се во согласност со препораките за подобрување на правната околина за граѓанскиот сектор нотирани во Извештаите на Европската Комисија.
- Измените обезбедуваат усогласување на регулативата со Насоките за поддршка на ЕУ на граѓанското општество во земјите од процесот на проширување 2014-2020 од Генералниот директорат за проширување на ЕУ.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

1. **Измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)**
Службен весник на РМ, број 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14 и 153/ од 04.09.2015

А) Законот беше донесен во 2006 година со цел да се решат прашањата кои се појавија на полето на филантропските донации и истиот беше изменет и дополнет четири пати, со последни

ревизии во 2014 и 2015 година. Новите измени и дополнувања се осврнуваат на неколку прашања што претставуваа предизвик, меѓутоа останува да се надминат главните предизвици на Законот особено во однос на административната постапка и потврдувањето на јавниот интерес. Во 2015 година со финансиска поддршка од Европската Унија во рамки на проектот „Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на ГО" во соработка со Европскиот центар за непрофитно право од Будимпешта беа изготвени и публикувани „Коментари на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и на измените и дополнувањата од февруари 2014 година" (во прилог). Овој документ детално ги идентификува преостанатите измени коишто е потребно да се направат во постоечкиот закон со цел тој да биде поприемчив за користење особено за граѓаните и малите и средни претпријатија. При изготвување на документот беше консултирано и надлежното Министерство за правда. На барање на институциите беше изготвен и дополнителен компаративен преглед на неколку прашања поврзани со Законот од интерес на ресорното министерство (во прилог). Изготвените предлог измени рефлектирани во коментарите на Законот (во прилог) се базираат врз врвни експертски придонеси што ги земаат предвид најдобрите европски практики, но земајќи ги предвид и опсежни консултации со корисниците на Законот и генерално вклучуваат:

- Појасно и конзистентно дефинирање на терминологијата;
- Ревидирање на административната процедура во аспект на нејзино поедноставување, поставување критериуми за ценење на јавниот интерес и ревизија на институционалните улоги во постапката;
- Поврзување на ценењето на јавниот интерес со правната форма на организациите и активностите/проектите што се спроведуваат наместо со секоја поединечна донација/спонзорство;
- Измени во процедурата за ослободување на ДДВ при промет согласно ЗДСЈД;
- Промена во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход (ГДП-ПДД);
- Обезбедување еднаков третман на преку- граничната филантропија;
- Соодветно и пропорционално уредување на уредбите за извештаи и контрола;
- Ревидирање на казнените одредби;
- Регулирање на случаи кога целта на донацијата/спонзорството е исцрпена или станува ништовна.

Во моментот се во тек директни консултации со Министерството за правда во насока на ревидирање на законот. Се препорачува нотирање на измени на ЗДСЈД во Програмата на Владата.

### 2. Измени во даночните закони

Од септември 2014 година активно се застапува за измени на даночните закони во одредбите коишто се однесуваат на граѓанските организации. Измените, пред сè, се однесуваат на Законот за персонален данок на доход и Законот за добивка. Во 2018 со измените на Законот за персонален данок на доход дел од бараните измени се инкорпорираа. Во тој процес до ресорното Министерство за финансии беа доставени дополнителни амандмани презентирани во овој поднесок. Предлог-измените се базираат на анализата „Даночно опкружување на граѓанските организации во Македонија" подготвена во рамки на активностите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Центарот за даночни политики (ЦДП) и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), како и на консултации со триесет и девет претставници на граѓански

организации. На барање на Министерството за финансии, во 2015 година со поддршка на Проектот на ЕУ за Техничка поддршка на ГО (ТАКСО) од страна на Европскиот центар за непрофитно право беше изготвена компаративната анализа на даночниот третман на граѓанските организации во однос на данокот на добивка и персоналниот данок во Велика Британија, Чешка, Бугарија и Хрватска.

Предлагаме да се иницираат и усвојат измени во даночната рамка коишто ќе го усогласат даночниот третман со спецификите во работењето на граѓанските организации. Во насока на предлозите, во консултации со засегнатите страни потребно е да се разгледа опцијата кај ГО коишто остваруваат приходи од економски активности, вишокот на приходи остварени од економски активности да имаат даночен третман согласно одредбите за поедноставен даночен режим, исто како и малите и микротрговци (регулирани со чл. 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од Законот за данок на добивка).

**Законот за персоналниот данок на доход**

Службен весник на РМ, бр.80/93...190/2017

| Содржина на предлог измена | Образложение |
|---|---|
| Во членот 6 став (1), во точката 3), зборовите „и фондации“ се бришат. | Овој предлог-амандман се предлага поради дополнување на членот 6 став (1) со нова точка 3-а), а со цел да нема повторување во однос на ослободувањето за стипедиите. |
| Во членот 6 став (1), по точката 3), се додава нова точка 3-в) која гласи:<br><br>„3-в) стипендии остварени од организации основани согласно со Законот за здруженија и фондации“ | Со предлог-амандманот се овозможува генерално ослободување од ПДД на стипендиите остварени од организации основани согласно со Законот за здруженија и фондации, а ги остваруваат поединци – физички лица.<br><br>На овој начин несомнено ќе се олесни функционирањето на голем дел на организациите основани согласно со Законот за здруженија и фондации (посебно на организациите од јавен интерес) чија основна функција и активности се насочени кон стипендирање на различни категории на граѓани. |

**Законот за данок на добивка**

Службен весник на РМ, бр. 112/2014 ..., 190 од 17.10.2016 година

| Содржина на предлог измена | Образложение |
|---|---|
| Во членот 4 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:<br><br>„По исклучок на ставот 1 на овој член за даночен обврзник не се сметаат правни лица основани во согласност со Законот за | Со предлог амандманот се овозможува ослободување од оданочување на правните лица основани во согласност со Законот за здруженија и фондации доколку не предизвикуваат дисторзија на пазарот. |

| | |
|---|---|
| здруженија и фондации.<br><br>Доколку правните лица од ставот 2 на овој член вршат стопански активности кои ако не се оданочуваат може да доведат до неоправдани привилегии на пазарот, во таков случај УЈП со решение ќе утврди дека овие правни лица за таквите стопански активности се обврзници за данокот на добивка."<br><br>Ставот 2 станува став 4. | Во случај кога УЈП со решение ќе утврди дека правното лице основано согласно ЗЗФ за стопанските активности е обврзник за данокот на добивка (бидејќи вршат стопански активности кои ако не се оданочуваат може да доведат до неоправдани привилегии на пазарот), препорачуваме да се разгледа опцијата да се применува поедноставен даночен режим како кај трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци. |
| Во членот 9 став (1) точка 9) по зборот „годината" се става запирка и се додаваат зборовите: „освен за донации од организација основана согласно со Законот за здруженија и фондации". | Со предлог-амандманот се овозможува целосно признавање како расход за даночни цели на трошоците за донации кои се направени од организации основани согласно со Законот за здруженија и фондации имајќи предвид дека тоа е дел од нивните основни цели на работа и функција во општеството. |
| Во членот 9 став (1) точка 10) по зборот „годината" се става запирка и се додаваат зборовите: „освен за спонзорства од организации основани согласно со Законот за здруженија и фондации" | Со предлог-амандманот се овозможува целосно признавање како расход за даночни цели на трошоците за спонзорства кои се направени од организациите основани согласно со Законот за здруженија и фондации имајќи предвид дека тоа е дел од нивните основни цели на работа и функција во општеството. |
| Во членот 9 став (1) точка 15), по зборот „член" се додаваат зборовите: „и стипендиите од организации основани согласно со Законот за здруженија и фондации " | Со предлог-амандманот се овозможува стипендиите од организации основани согласно со Законот за здруженија и фондации, да добијат третман на признат расход и со тоа да бидат изземени од оданочување согласно со постојниот систем на данокот на добивка. |

**3. Измени во Законот за сметководство на непрофитните организации и поврзани подзаконски прописи**

Законот за сметководство на непрофитните организации ги пропишува сметководствените принципи и правила, како и основните финансиски информации по кои известуваат граѓанските

организации. 15 години по неговото донесување и функционирање утврдена е потребата од измени и во Законот и во подзаконските акти.
Изготвена е првата Анализата на Законот за сметководство на непрофитните организации изработена од Центарот за даночна политика (ЦДП) во рамки на проектот „Промени за одржливост", финансиран од Европската унија, а спроведуван од Конект во партнерство со Фондација Аполонија и ЦДП. Анализата претставува основа за отворање понатамошен консултативен процес во рамки на граѓанскиот сектор и Мрежата за финансиска одржливост на граѓанските организации која брои 80 членки и подлога за започнување на дијалог со институциите за менување на Законот. Се истакнува дека посебно важни се Измените во Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации. Потребата од измени на Законот за сметководство на непрофитни организации е рефлектирана во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (во процес на носење) и се дискутирани во рамки на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектот. Се препорачува нотирање на неговоте измени како и измените на подзаконските акти во Програмата на Владата и ресорното Министерство за финансии.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Креирањето на овозможувачка законска рамка е еден од клучните елементи за постигнување развиен и одржлив граѓански сектор. Конкретните ефекти од предложените измени се изнесени во документите приложени кон овој поднескок. Од аспект на финансиската одржливост од особено значење е даночната рамка и даночните поттикнувања за граѓанските организации. Измените ќе придонесат за градење поволна средина за финансиска одржливост на секторот и препознавање на неговата важност и специфики од законодавецот како и постигнување на подобрена транспарентност на секторот. Дополнително измените во делот на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности директно обезбедуваат развој на индивидуалната и корпоративната филантропија во земјата преку мотивирање на граѓаните и компаниите коишто донираат што директно го помага развојот на Македонија.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Информации за финансиските имплеикации поврзани со измените во Законот за донации и спонзорства во јавните дејнсти се изнесени во приложената Анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (во прилог). Поврзано со назначените измени на Законот за данокот за добивка со оглед на непрофитноста на организациите основани според Законот за здруженија и фондации со усвојување на овие амандмани нема да има фискални импликации. Финансиските импликации за измени на Законот и подзаконските акти поврзани со сметководството на непрофитните организации се незначителни.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Линкови до материјали:

1) Информација за проектот; Проект: Промени за одржливост;
2) Коментари на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), Катерина Хаџи-Мицева Еванс, Естер Хартај, Ивана Розенцвајгова и Никица Кусиникова
3) Компаративен преглед на различни прашања поврзан со ЗДСЈД , Европскиот центар за непрофитно право (ECNL)
4) Анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања на ЗДСЈД , Борче Смилевски
5) Рамка за спроведување и следење на ЗДСЈД , Никица Кусиникова
6) Упатство за спроведување на ЗДСЈД , Естер Хартај Ивана Розенцвајгова и Никица Кусиникова
7) Анализа на сптоведувањето на ЗДСЈД 2007-2011, Никица Кусиникова, Катерина Хаџи-Мицева Еванс и Александар Николов
8) Анализа на Законот за сметководство на непрофитни организации, Борче Смилевки, Елена Атанасовска, Ненад Тортевски

Потпис на застапникот

14.09.2018 година М.П. ------------------------------

ЗДРУЖЕНИЕ КОНЕКТ СКОПЈЕ

# Промени за одржливост

Проект е финансиран од
Европската Унија

КОНЕКТ

Apollonia Foundation

Центар за даночна политика

**Име на проектот:** Промени за одржливост

**Донатор:** Европска Унија
(IPA 2016: EuropeAid/151569/DD/ACT/MK)

**Вредност на проектот:** 276,426.53 EUR

**Период на имплементација:**
01.03.2017- 01.06.2019

**Целни групи и корисници:**

- Граѓански организации (100)
- Институции и носители на одлуки
- Компании (15)
- Заедници

**Имплементација:** Здружение Конект

**Партнери на проектот:**

- Фондација Аполонија
- Центар за даночна политика

**Контакт:**
ул. „Владимир Полежиновски" 19-1/6,
1000 Скопје
тел: 02 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk

Финансиската одржливост е клучен предизвик за граѓанските организации (ГО). „Грас-рут"* граѓанските организации се особено ранливи, бидејќи немаат капацитети за искористување на странски финансиски средства и затоа прибирањето средства од локални извори е од особено значење за нив.

„Промени за одржливост" ги обединува ГО во застапување за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Проектот им помага на „грас-рут" организациите, да спроведат локални иницијативи, да соработуваат со другите чинители и да го подобрат својот капацитет за финансиско управување, транспарентност и отчетност.

Посебно внимание посветуваме на градење на локални меѓусекторски партнерства во коишто ГО, локалните институции и бизнисите работат заедно за да создадат позитивни промени во нивните заедници.

## Нашите очекувања

1. Формирање мрежа за финансиска одржливост на ГО со широко учество на најмалку 20 релевантни ГО;
2. Иницијативи за застапување базирани на докази подобрување на законската рамка во врска со финансиската одржливост на ГО спроведени преку дијалог и соработка со државните институции и деловната заедница;
3. Зголемени капацитети на 60 ГО за финансиско планирање и управување на транспарентен и отчетен начин;
4. 14 ГО започнуваат модели за нивните локални иницијативи преку трипартитни партнерства ( ГО- институции- бизниси) и за локално прибирање средства;
5. Поддржани и промовирани меѓусекторски партнерства за одржливост на граѓанските организации.

*„Грас-рут организација е самоорганизирана група на поединци кои работат за заеднички интереси преку волонтерски-базирана, непрофитна организација. Грас-рут организациите обично имаат низок степен на формалност, но поширока цел од групите за самопомош, организации во заедницата или месните заедници."
Anheier, H./List, R. Dictionary of Civil Society, London: Routledge, 2005

## Промени за одржливост

Проект е финансиран од
Европската Унија

КОНЕКТ

Apollonia Foundation

Центар за даночна политика

## Нашите цели:

Да се придонесе за градење поволна средина за финансиска одржливост на ГО во земјата.

Да се воспостават систематски и обединувачки напори за застапување на ГО насочени кон поволна финансиска средина.

Да се зголеми способноста на помалите ГО и „грас-рут" организациите за финансиска одржливост и отчетност.

Да се поддржат модели на меѓусекторски партнерства и прибирање финансиски средства за одржливи локални иницијативи на ГО.

## Активности

**Воспоставување мрежа за финансиска одржливост на ГО**

- Основање неформална мрежа;
- Воспоставување на мултисекторски советодавен комитет;
- Развивање програмски приоритети и акциски план за застапување на мрежата;
- Промотивен настан.

**Застапување за финансиска одржливост на ГО**

Серија активности за дијалог за јавни политики и застапување базирано на докази. Нашите интереси за регулативата вклучуваат:

- Даночен третман на ГО;
- Даночни олеснувања за донации и спонзорства за ГО и поврзување со статус на организации од јавен интерес;
- Сметководствен систем за непрофитни организации;
- ГО како работодавачи и поддршка преку активни мерки за вработување.

**Градење капацитети за финансиско управување, транспарентност и отчетност**

- Две дводневни обуки за финансиско управување, одржливост, транспарентност и отчетност (50 претставници од ГО);
- Скроена поддршка на 30 мали ГО и „грас-рут" организации (интерактивни и практични);
- Пакет алатки за почетници за финансиско планирање и управување со ГО;
- Конференција за меѓусекторско партнерство за одржливост на граѓанските организации.

**Ре-грантирање**

- Два повика за грантови за вкупно 14 ГО;
- Грантови од 1.000 до 6.000 евра за одржливи локални иницијативи;
- Поддршка за локални меѓусекторни партнерства.

Vladimir Polezinovski 19-1/6, 1000 Skopje
tel: +389 (0)2 3224 198/ konekt@konekt.org.mk/ www.konekt.org.mk

## Промени за одржливост

Проект е финансиран од
Европската Унија

**Име на проектот:** Промени за одржливост

**Донатор:** Европска Унија
(IPA 2016: EuropeAid/151569/DD/ACT/MK)

**Вредност на проектот:** 276,426.53 EUR

**Период на имплементација:**
01.03.2017- 01.06.2019

**Целни групи и корисници:**

- Граѓански организации (100)
- Институции и носители на одлуки
- Компании (15)
- Заедници

**Имплементација:** Здружение Конект

**Партнери на проектот:**

- Фондација Аполонија
- Центар за даночна политика

**Контакт:**
ул. „Владимир Полежиновски" 19-1/6,
1000 Скопје
тел: 02 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk

Финансиската одржливост е клучен предизвик за граѓанските организации (ГО). „Грас-рут"* граѓанските организации се особено ранливи, бидејќи немаат капацитети за искористување на странски финансиски средства и затоа прибирањето средства од локални извори е од особено значење за нив.

„Промени за одржливост" ги обединува ГО во застапување за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Проектот им помага на „грас-рут" организациите, да спроведат локални иницијативи, да соработуваат со другите чинители и да го подобрат својот капацитет за финансиско управување, транспарентност и отчетност.

Посебно внимание посветуваме на градење на локални меѓусекторски партнерства во коишто ГО, локалните институции и бизнисите работат заедно за да создадат позитивни промени во нивните заедници.

### Нашите очекувања

1. Формирање мрежа за финансиска одржливост на ГО со широко учество на најмалку 20 релевантни ГО;
2. Иницијативи за застапување базирани на докази подобрување на законската рамка во врска со финансиската одржливост на ГО спроведени преку дијалог и соработка со државните институции и деловната заедница;
3. Зголемени капацитети на 60 ГО за финансиско планирање и управување на транспарентен и отчетен начин;
4. 14 ГО започнуваат модели за нивните локални иницијативи преку трипартитни партнерства ( ГО- институции- бизниси) и за локално прибирање средства;
5. Поддржани и промовирани меѓусекторски партнерства за одржливост на граѓанските организации.

*„Грас-рут организација е самоорганизирана група на поединци кои работат за заеднички интереси преку волонтерски-базирана, непрофитна организација. Грас-рут организациите обично имаат низок степен на формалност, но поширока цел од групите за самопомош, организации во заедницата или месните заедници."
Anheier, H./List, R. Dictionary of Civil Society, London: Routledge, 2005